

ОПШТИНА
ЗРНОВЦИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ЗРНОВЦИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани, драги пријатели,

Во изминативе четири години заедно изградивме силна, посветена и обединета приказна за нашата прекрасна Општина Зрновци. Од првиот ден на мандатот мојата најголема цел беше едноставна, но и најтешка – да ја оправдам довербата што ми ја дадовте, да бидам чесен, транспарентен и посветен во градење и развивање на Општина Зрновци, за доброто на сите генерации.
Денес, со гордост можам да кажам дека нашата Општина не е иста како пред четири години. Реализиравме значајни проекти, изградивме нови патишта, инвестиравме во образованието, во спортот, во културата, земјоделието и во комуналната инфраструктура, а пред сè вложивме во луѓето – во нашите деца, младите, семејствата и повозрасните. Зрновци добива нов лик, но уште поважно, доби нов дух и енергија. Знам дека предизвиците беа големи, но знам и дека резултатите се видливи, а вашата доверба и поддршка ми дадоа сила да одам напред.
Во новиот мандат продолжуваме уште посилно, со уште поголема одговорност и со појасна визија – да ја направиме Општина Зрновци пример за развој, урбанизација и квалитетен живот. Нашиот фокус ќе биде на модерна инфраструктура, чиста и здрава животна средина, нови можности за младите, поддршка за земјоделците и стопанството и создавање услови секое семејство да може гордо да каже дека живее во најубавата општина.
Сакаме Зрновци да биде дом каде што децата ќе растат безгрижно, младите ќе ја гледаат својата иднина тука, а повозрасните ќе живеат достоинствено. Заедно ќе продолжиме да градиме нови патишта, капитални проекти, едукативни центри, но уште поважно – ќе градиме заедништво, доверба и љубов кон нашата татковина.
Драги сограѓани, пред нас е нова страница во историјата на нашата Општина. Јас сум подготвен да ја водам оваа приказна понатаму со истата енергија, упорност и посветеност. Со ваша поддршка, Зрновци ќе биде пример за општина што чекори напред, со визија, со план и со резултати. Ви благодарам за довербата. Заедно ќе ја изградиме иднината на Општина Зрновци – со срце, со работа и со посветеност кон секој еден од Вас!

Ваш,
Борче Коцев

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Тоше Николов – Носител на листа
2. Лидија Николова
3. Борче Веселинов
4. Сара Коцева
5. Дејан Дончевски
6. Лилјана Тодорова
7. Борче Симионов
8. Верица Иванова
9. Драган Гаврилов



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## 1. Изготвување на комплетна документација за Изградба на акумулација на реката Зрновка со бетонска брана (висина 30 м, ширина 200 м), локација на 1 км Јужно од село Зрновци, „Акумулација Зрновка – ново срце на Источна Македонија“.

Проектот за изработка на документација ќе се реализира во две фази:

### Фаза I

- Идејно решение и студија за изводливост
- Хидролошки студии (проток на Зрновка, сезонски нивоа)
- Геолошки истражувања за стабилност на теренот
- Проценка на влијание врз животната средина
- Предлог на модел за хидроцентрала

### Фаза II

- Урбанистичко-планска документација и проектна документација
- Главен проект за брана и акумулација.
- Водоводен систем и наводнителна мрежа.
- Проект за туризам и инфраструктура (пристапни патишта, паркинг, угостителски зони)

Создавање на акумулација од државно значење која ќе овозможи: Сигурно наводнување на земјоделски површини во 4 општини (Зрновци, Кочани, Чешиново – Облешево, Карбинци), водовод за домаќинства во 2 општини (Зрновци и дел од Чешиново – Облешево), нови можности за туризам, лов и риболов и хидроенергетско производство преку мала хидроцентрала.

Проектот за изградба на акумулација на реката Зрновка претставува капитална инвестиција од државно значење. Со брана висока 30 метри и широка 200 метри, на само 1 км пред влезот во селото Зрновци, ќе се создаде вештачко езеро со огромни бенефити за целиот регион.

**Извори на финансирање:** Централна власт, Општина Зрновци

## 2. Изградба на Мултифункционален младински центар „Еко кампус Видовиште“

Проектот предвидува изградба на комплетно нов објект на КП 2134 во атарот на село Видовиште. На градежна парцела со површина од 5500 метри квадратни на која се

наоѓа стара руина, остаток од подрачно училиште, ќе се изгради нова градба која ќе овозможи услови за функционирање на Мултифункционален младински центар „Еко кампус Видовиште", кој ќе содржи:

- современа детска игротека и занимална со двор и игралишта
- младински центар (библиотека, ИТ-сала, работилници, спортска сала)
- простории за едукативен и истражувачки центар за природа, биодиверзитет и екотуризам
- сместувачки капацитет за млади, волонтери, туристи
- ботаничка градина, камп простор, летна училница на отворено
- уредена дворна површина со парк со клупи, повеќенаменско спортско игралиште, фитнес-зона на отворено

**Извори на финансирање:** Централна власт, ЕУ фондови

## 3. Индустриска зона во село Мородвис

Со разработка на Урбани блокови бр. 20 и бр. 21 во Урбанистичкиот опфат во село Мородвис создаваме градежно земјиште за индустриска зона со намена за помалку загадувачка и лесна индустрија на површина од 50 000 метри квадратни. Со ова создаваме услови за вложување и инвестирање на приватниот сектор, воедно го градиме и развиваме село Мородвис.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## 4. Изградба на четири бушотини за вода во Општина Зрновци, село Зрновци КП4715/1 и КП 3936/1, село Мородвис КП 1674/1, село Видовиште КП 2565/2

Општина Зрновци во изминатите години се соочува со зголемени потреби од стабилно и квалитетно снабдување со вода за пиење. Со изградбата на четири нови бушотини ќе се обезбедат дополнителни количини на подземна вода со повисок степен на чистота и безбедност, што претставува долгорочно решение за потребите на жителите.

Изградбата на четири бушотини е стратешка инвестиција од витално значење за жителите на Општина Зрновци. Овој проект обезбедува долгорочна сигурност, подобар квалитет на живот и нови можности за развој, претворајќи ја општината во пример за модерно, здраво и одржливо општество.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## 5. Доградба и адаптација на Регионален Етно парк - Зрновци

На дел од КП 4715/1 со површина од 4 500 метри квадратни кој моментално се оградени со камен ѕид, ќе се трансформира просторот во современ туристички и културно-рекреативен комплекс. Со оваа доградба ќе се добие уникатна атракција која ќе комбинира традиција и современи содржини, наменета и за локалното население и за туристите. Проектот претставува уникатен спој на македонската етнотрадиција со

модерни содржини, создавајќи простор за сите генерации и отворајќи нови перспективи за економски развој на Општината.

Етнопаркот ќе вклучува:

- детско игралиште со современи и безбедни реквизити,
- велосипедски полигон за деца,
- воден објект – природен базен,
- сместувачки капацитети (етнобунгалови и куќарки),
- ресторанот со етнокујна и дегустации на локални производи,
- летна сцена за настани, концерти и манифестации,
- летна бавча со фонтана .

Со овој проект, Општина Зрновци ќе создаде препознатлив туристички бренд во регионот, што ќе значи нови работни места, поддршка на локалните производители и значително збогатување на културниот и туристичкиот живот.

**Извори на финансирање:** Централна власт, Програми на ЕУ – ИПА фондови за рурален и локален развој, Општина Зрновци со ЈПП



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Регионална инфраструктурна поврзаност

- **Реконструкција на дел од Регионален патен правец Р 1309 во урбанистички опфат на Општина Зрновци**

**Извори на финансирање:** Јавно претпријатие за државни патишта на Република Македонија

- **Реконструкција и проширување на регионален патен правец Р1309 на потегот Општина Зрновци – Општина Кочани**

**Извори на финансирање:** Јавно претпријатие за државни патишта на Република Македонија

- **Реконструкција и проширување на регионален патен правец Р2334 од село Мородвис до село Видовиште**

**Извори на финансирање:** Јавно претпријатие за државни патишта на Република Македонија

- **Реконструкција и проширување на регионален патен правец Р2334 од Општина Зрновци до Општина Виница**

**Извори на финансирање:** Јавно претпријатие за државни патишта на Република Македонија

## Урбана инфраструктура – локални патишта

- **Изградба на локален пат м.в. Циганско Маало , м.в. Тшлк**

Со изградба на овој патен правец во село Зрновци во должина од 1 500 м директно се поврзува село Зрновци со предвидената локација за изградба на нова индустриска зона во Општина Зрновци

**Извори на финансирање:** Централна власт

### Изградба на локален пат м.в. Оризови гумна, м.в. Друмот

Со изградба на овој патен правец во село Видовиште со должина од 1 600 м се гради нов алтернативен пристап и поврзаност на општина Зрновци со општина Кочани дополнително се создава современ пристап до земјоделски површни

**Извори на финансирање:** Централна власт

### Изградба на локален пат село Видовиште – Гробишта и м.в. Крстот

**Извори на финансирање:** Министерство за транспорт

### Изградба на локален пат „Вински пат" село Зрновци – село Лески

Со изградбата на нов локален пат „Вински пат" во должина од 2,5 км, значително се подобрува мрежата на патната инфраструктура како и поврзаноста на Општина Зрновци со Општина Виница, а дополнително се овозможува модерен пристап до плантажи за лозови насади и се создаваат услови за развивање на селскиот туризам

**Извори на финансирање:** Централна власт

### Изградба на локален пат Видовиште – Манастир Св. Спас

**Извори на финансирање:** Министерство за транспорт

### Изградба на локален пат село Мородвис – село Видовиште

Со изградба на овој значаен локален пат во должина од 2 км како продолжение на локалниот пат село Зрновци – село Мородис (Стар Штипски пат ) и спој со локалниот пат Друмот – Оризови Гумна, се добива една целина на современ пристап до околу 100 хектари земјоделско земјиште со што значително се подобрува патната инфраструктура за Општина Зрновци.

**Извори на финансирање:** Министерство за транспорт

### Изградба на локален пат м.в: Дива Топола

Со изградба на овој патен правец во должина од 600 м се поврзува предвидената нова индустриска зона село Зрновци со регионалниот патен правец Р 1309.

**Извори на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

### Изградба на локален пат село Зрновци – Фабрика за вода

**Извори на финансирање:** Централна власт

# Урбана инфраструктура – општински улици

- **Реконструкција на улица Скопска, село Зрновци**

**Извори на финансирање:** Министерство за транспорт

- **Реконструкција на улица Маршал Тито од м.в. Соколана до м.в. Централа, село Зрновци**

**Извори на финансирање:** Централна власт

- **Реконструкција на краци од улица Аспарух Манев, село Зрновци**

**Извори на финансирање:** Централна власт

- **Реконструкција на улици Илија Танев и Димчо Петров во село Мородвис**

**Извори на финансирање:** Министерство за транспорт

- **Реконструкција на улица Браќа Ставреви село Мородвис**

**Извори на финансирање:** Централна власт

- **Реконструкција на улица Стоимен Ангелов во село Видовиште**

**Извори на финансирање:** Централна власт

- **Реконструкција на улица Калчо Штеријов во село Видовиште**

**Извори на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

- **Реконструкција на м.в. Магила во село Видовиште**

**Извори на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

- **Изградба на дел од улица Илинденска покрај ОУ Синиша Стоилов – Зрновци**

**Извори на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

- **Изградба на Капела**

**Извори на финансирање:** Централна власт

- **Изградба на Затворен зелен пазар**

**Извори на финансирање:** Централна власт

# Одржлив урбан развој

## Разработка на урбани блокови бр. 14 , 20, 21 и 22 во село Databricks

Со разработка на овој дел од УПС Databricks се добива градежно земјиште од околу 10 хектари од кое 6 хектари нова индустриска зона и 68 парцели со намена за индувидуално домување. Овој проект значително ќе влијае на развивањето на село Databricks, а со тоа и на Општина Зрновци.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## Разработка на урбан блок 11 во село Зрновци

Со разработка на овој дел од УПС Зрновци се добива градежно земјиште 12 хектари од кое 150 парцели за индивидуално домување како и државно градежно земјиште со намена за изградба на бензинска пумпа, хотел, станица за технички преглед, дом за стари лица.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## Парцелација на градежно земјиште во државна сопственост во село Видовиште

Со постапка за парцелација за три градежни парцели од УПС Видовиште со вкупна површина од 9000 м2 се добива градежно земјиште за изградба на објекти за спорт и рекреација, дом за стари лица и објект со намена за социјална и здравствена заштита. Со оваа постапка се овозможува вложување на приватниот сектор воедно развивање на село Видовиште.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## ➤ Урбанистички проект вон опфат за изградба на индустриска зона за помалку загадувачка и лесна индустрија на територија на село Зрновци

Во м.в. Тшлк на три парцели КП 2185 , КП 2183 и КП2181 со вкупна површина од 50000 м2 со урбанистички проект вон опфат ќе се реализира оформување на градежни парцели кои ќе претставуваат нова индустриска зона во Општина Зрновци.

Во м.в. Мерата на три парцели КП 2557, КП 53/1 и КП53/2 со вкупна површина од 65 000 м2 со урбанистички проект вон опфат ќе се реализира оформување на градежни парцели кои ќе претставуваат нова индустриска зона во Општина Зрновци.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## ➤ Регионален центар за активен туризам и здрав живот

Овој проект опфаќа изградба на современ мултифункционален центар кој ќе комбинира:

- Адреналински парк (zip-line, авантуристички патеки, карпинарење, велосипедски и пешачки рути):
- Wellness & Spa зона (сауни, минерални бањи, фитнес и релакс центри);
- Едукативен и тренинг камп (за спортски клубови, рекреативци и ученици од целиот регион);
- Сместувачки капацитети со еко-стандард (еко-бунгалови, дрвени куќички, хостел);
- Ќе привлече млади, спортски клубови, туристи и рекреативци од целиот Источен плански регион;
- Ќе биде прв од ваков вид во поширокиот регион, со можност за организирање на спортски кампови, натпревари, едукативни работилници и wellness туризам;
- Ќе создаде синергија со природните убавини (реки, шуми, планини) и ќе ја позиционира општина Зрновци како центар на активниот туризам и здравиот живот.

Ќе започнеме со подготовка на целокупна проектна документација и уредување на земјиштето за овој проект, по што ќе се пристапи кон барање на партнер за потенцијално Јавно приватно партнерство.

**Извор на финансирање:** Централна власт, ЕУ фондови, ЈПП



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Изградба на Мултифункционален младински центар „Еко кампус Видовиште“

Овој проект опфаќа изградба на комплетно нов објект на КП 2134 во атарот на село Видовиште. На градежна парцела со површина од 5 500 метри квадратни на која се наоѓа стара руина, остаток од подрачно училиште, ќе се изгради нова градба која ќе овозможи услови за функционирање на образовно туристички Мултифункционален младински центар „Еко кампус Видовиште“, кој ќе содржи:

- современа детска игротека и занимална со двор и игралишта.
- младински центар (библиотека, ИТ-сала, работилници, спортска сала).
- простории за едукативен и истражувачки центар за природа, биодиверзитет и екотуризам.
- сместувачки капацитет за млади, волонтери, туристи.
- ботаничка градина, камп простор, летна училница на отворено.
- уредена дворна површина со повеќе содржини: парк со клупи, повеќенаменско спортско игралиште, фитнес зона на отворено

**Извори на финансирање:** Централна власт, ЕУ фондови

## Доградба на училишна зграда на ООУ Синиша Стоилов – Зрновци

Проект кој ќе овозможи три нови современи кабинети за следење на настава на учениците

**Извори на финансирање:** Биро за рамномерен регионален развој

## Опремување на кабинет по роботика во склоп на ООУ Синиша Стоилов-Зрновци

Во соработка со НВО СТЕМ Роботика Кочани и поддршка од општината ќе се уреди и опреми кабинет по роботика за навремена едукација на сите ученици

**Извори на финансирање:** Министерство за Локална самоуправа, Биро за рамномерен регионален развој

### Изградба на спортско игралиште на отворено во училишниот двор на ООУ Синиша Стоилов - Зрновци

Спортско катче во склоп на училишниот двор кое што ќе овозможи спортување и другарување за правилен раст и развој на учениците

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Дигитална инфраструктура - проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен Wifi

На четири локации ќе се постават уреди и опрема за бесплатен јавен Wifi: Централен парк Зрновци, Етнопарк Зрновци, Дом на култура – Мородвис, м.в. Магила – Видовиште.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## Дигитални услуги и дигитална општина

Ќе се овозможат дигитални услуги во Општината со цел олеснување на постапките и процедурите на жителите на Општина Зрновци при остварување на административните потреби.

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Изградба на Спортско-рекреативен центар за млади во село Мородвис

**Извори на финансирање:** Министерство за спорт

## Изградба на Куќа на спортот во Зрновци

Градба која што ќе овозможи просторни услови за спортување на повеќе спортски дисциплини на затворено, (теретана, боречки вештини, гимнастика, пинг-понг и сл.) како и современи простори, соблекувални, тоалети, сали за состаноци за потребите на локалните спортски клубови и училишта.

**Извори на финансирање:** Министерство за спорт

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Реконструкција на кровот на административната зграда на Општина Зрновци

Кровот на административната зграда на Општина Зрновци е во многу лоша состојба и неопходна е негова реконструкција на објектот кој претставува административен центар во Општината.

**Извори на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## Поставување на економичен систем за ладење и греење во Кино салата и административната зграда на општина Зрновци

Проект кој што значително ќе ја намали потрошувачката на електрична енергија, ќе овозможи непрекинато функционирање на целокупниот простор со истовремено намалување на енергетските трошоци.

**Извори на финансирање:** Министерство за Локална самоуправа

## Изградба на прочистителна станица за фекална канализација и отпадни води во село Зрновци

Со реализација на овој проект од витално значење значително ја заштитуваме животната средина, загадувањето на река Зрновка, како и река Брегалница.

**Извори на финансирање:** Министерство за Животна средина и просторно планирање

## Промена на секундарна водоводна мрежа во село Зрновци

Старата дотраена водоводна мрежа која предизвикува постојани проблеми во делот на водоснабдувањето ќе биде постапно заменета со нова инсталација и соодветни елементи.

**Извори на финансирање:** Министерство за Животна средина и просторно планирање

## Изградба на Кејски зид на река Зрновка во урбаниот опфат

На потегот од објект Соколана во должина од 160 метри по течението на река Зрновка ќе се изгради Кеј (потпорен ѕид) кој што ќе овозможи изградба на улица со широчина од 4 метри и тротоар од 1,5 метар.

**Извори на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

## Изградба на потпорен зид на ул. Илинденска во ООУ Синиша Стоилов во Зрновци

**Извори на финансирање:** Министерство за Образование и наука



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## Концепт на проект: „Мородвиски културно-историски центар и архео-парк“

Проектот ќе има за цел да го врати сјајот на некогашниот духовно-воен град Морозбион и Мордвиската архиепископија, преку создавање на современ туристички, културен и образовен комплекс кој ќе нуди: Археолошки парк и музеј, културно-духовен центар, сместувачки капацитети со едукативна функција, туристичка и рекреативна инфраструктура.

Овој проект ќе придонесе за подигање на туристичка атрактивност на Мородвис како „град на цар Самоил и архиепископијата“, отворање нови работни места (водичи, угостители, занаетчии, културни работници), зголемување на присуството на млади преку едукативни кампови, работилници и фестивали и поттик за развој на селски и верски туризам.

**Извори на финансирање:** ЕУ фондови (ИПА за културно наследство и туризам), Национални програми за култура и туризам, Јавно-приватно партнерство со туристички компании, Донации и фондации за заштита на културно наследство.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- **Реализација на културен настан Денови на Зрновскиот земјоделец**
- **Поддршка на културна манифестација Иселенички средби – Видовиште**
- **Реализација на Културно лето – Општина Зрновци**
- **Културни манифестации и настани по повод „Ден на општината Свети Димитрија“**

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Доградба на детска градинка Бисерчиња – Зрновци

Проект кој што ќе овозможи дополнителни современи просторни услови како за вработените така и нови занимални за дечињата.

**Извори на финансирање:** Министерство за труд, социјална политика и млади

## Финансиска помош за лица во ранливи категории

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

## Финансиска помош за лица за лекување во земјата и странство

**Извори на финансирање:** Општина Зрновци

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

Ќе работиме на анализа, подготовка на документација и онаму каде е тоа можно, на реализација на проектите кои што како свои предлози ги доставија жителите на општината Зрновци, и тоа:

- **Реконструкција и уредување на централен парк и поставување на нова урбана опрема и детски реквизити во село Зрновци, Мородвис и Видовиште**
- **Поставување на урбана ограда на река Зрновка во централното подрачје**
- **Изградба на Амфитеатар и летна бина на м.в. Марена**
- **Урбанизација на викенд населба м.в. Девичен Вир**

ВМРО-ДПМНЕ